**ИНФОРМАТОР бр.5**
**Октомври/Ноември 2001**


Прва детска амбасада во светот - Меѓаши - Република Македонија
Ул. Коста Новаковиќ 22а
1000 Скопје, Република Македонија
Телефон: +389 2 465-316,
Факс/Телефон: +389 2 463-900
E-mail: first@childrensembassy.org.mk
Веб страна: www.childrensembassy.org.mk


***1.Ативности за раселени деца***
Првата детска амбасада во светот е почестена што може да се пофали дека во изминативе недели ние организиравме бројни активности за раселените деца во Скопје. Во октомври, магионичарот Том Вернер ја посети Македонија со цел да ги изведе своите магионичарски претстави за избеганите и раселените деца. Ние помогнавме да се организираат голем број на претстави во Скопје и Охрид. Оние претстави што беа организирани во Скопје се одржаа во дворот на нашите канцеларии/прифатилиште, во колективниот центар "25 Мај" и во колективниот центар "Стив Наумов". Исто така имавме и претстава во блиската детска градинка. Имаше и други магионичарски претстави организирани на други локации од други групи. Многу деца и возрасни учествуваа и уживаа во овие претстави. Ние добивме позитивна оценка за оваа активност.
Раселените деца не само од нашето прифатилиште туку и другите колективни центри беа вклучени во фестивалски и културни активности. Благодарност до нашите посветени волонтери во Македонија и на г-дин Том Вернер за неговата посета. Посебна благодарност до г-а Марија Тодорова од ИТЗ за нејзината иницијатива.

***2.НВО и бизнис секторот работат за доброто на заедницата***
Британската амбасада - ДФИД се согласи да го финансира овој важен проект. Како една од многуте добро етаблирани НВОи во Македонија, ние сме добро позиционирани да учествуваме и да завземеме водство во вакви проекти кои се стремат кон создавањет пријателско насочена цивилна околина во Македонија. Многу НВОи се обидуваат да најдат финансиери кои ќе ги подржат нивните важни проекти и програми во Македонија. Овој проект се стреми да ја подобри фискалната и законодавната рамка на владиното оданочување во Македонија и да овозможи бизнис и индивидуалните донации за непрофитните организации да бидат ослободени од оданочување. Проектот вклучува лобирање, јавна едукација и застапување. Голем број на воспоставени бизниси, донатори и активни НВОи го водат проектот со учество во Советодавниот комитет. Др. Наташа Габер и Др. Весна Пендовска се нашите правни советници во овој проект. Планираме да оддржиме конференција за да ги споделиме извештаите за проектот во средината на Декември. Се надеваме дека ќе имаме голем број на НВОи, претставници од бизнис секторот и други

учесници кои ќе ја дадат нивната поддршка. Г-дин Михајло Мирчевски е координатор на овој проект.

***3.Работење со ромската заедница за детските права***
Како продолжение на нашите претходни вести однесувајќи се na овој проект финансиран од ARC/UNHCR добро е да споменеме дека една важна фаза од проектот е готова. Оваа фаза вклучува фокус групи од различни сегменти од Ромската заедница во Македонија. Нашиоте организациски партнери, Пхурт од Делчево, Месечина од Гостивар, Центарот за деца и млади од Прилеп, ЛУЛУДИ и РОЗПР од Скопје беа водачи во овој процес. Имавме над 50 учесници и над стотина надгледувачи на фокус групи вклучувајќи деца, родители, работници во заедницата, водачи и бегалци. Ги имаме препораките од заедницата како најадекватно објавена алатка за информирање на заедницата околу детските права. Следните чекори од овој возбудлив проект е изработката на брошури, изработка на прирачник за тренинг сесијата за детски права декември (од 20 до 23) 2001. Г-н Илијаа Бунделески е координатор на овој прокт.

***4.Обука за детски права за членовите на Унијата на НВОи за детските права во Македонија***
Со поддршка од ИТЗ, ние планираме да одржиме обука за детските права во Македонија во декември 2001. Станува збор за истите НВОи кои што неодамна го потпишаа Кодексот. Г-ѓа Гордана Пирковска Змијанац е координатор на овој проект.

***5.Потребите на раселените семејства***
Македонскиот центар за меѓународна соработка го финансираше Меѓаши и многу други НВОи да извршат спецификација на потребите на илјадници внатрешно раселени семејства. Целта на овој проект е да се дефинираат потребите на раселените семејства и да подобро разбирање на бараните услови за нивно враќање во нивните села. Нашите фацилитатори за овој проект се г-ца Лидија Ѓокиќ и г-дин Митко Ѓеоргиев. Овој проект би требало да биде комплетиран кон крајот на декември 2001.

***6.Добредојде на новите членови во нашиот тим***
Од средината на октомври, среќни е сме задоволни што имаме нов интернационален член од Германија во нашиот тим. Г-ца Ања Клоб е социјален работник и ќе ни помогне да развиеме нов пристап за работа со деца во кризни состојби и ќе ни даде идеи за операционализација на нашето прифатилиште. Ања ќе остане со Меѓаши до септември 2002.
Снежана Јаневска се придружи кон нашиот тим како технички секретар на три месеца. Снежана неодамна дипломираше на Економскиот факултет во Скопје. Таа му помага на тимот на многу начини вклучувајќи и превод на на важни документи.

Тимот на Детската амбасада.